**20110771926**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 13 став (10) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07 и 24/11) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ДИСТРИБУИРАНИ И ПЕЧАТЕНИ ОБРАСЦИ НА СЕРТИФИКАТИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата на печатени и дистрибуирани обрасци на Сертификати за здравствена состојба на животните.

Член 2
**Печатење и евиденција на дистрибуирани обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните**

(1) Евиденцијата на издадени обрасци се води во форма на книга со А4 формат на евиденциски листови кои се нумерирани и меѓусобно поврзани.

(2) На предната страна на книгата се содржани следните податоци: Ветеринарна комора на Република Македонија и Евиденција на издадени обрасци на сертификати за здравствена состојба на животните.

(3) Евиденцијата на издадени обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните се води на евиденциските листови кои ги содржат следните податоци:

а) реден број;

б) референтен број на обрасците уверенијата;

в) датум на издавање;

г) име, презиме и потпис на одговорното лице кое ги издава обрасците; и

д) име, презиме и потпис на лицето на кое ги задолжило обрасците.

(4) Евиденцијата на издадени обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните се води во пишана и електронска форма.

(5) Формата и содржината на евиденцијат на издадени обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3
**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-1428/3
30 мај 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски**, с.р.

Прилог

Ветеринарна комора на Република Македонија

# Евиденција на издадени обрасци на Сертификати за здравствена состојба на животните

| Евиденциски лист за издадени обрасци на сертификати за здравствена состојба на животни | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Референтен број на обрасците на сертификатите | | Датум на издавање | Име, презиме и потпис на одговорното лице кое ги издава обрасците | Име, презиме и потпис на лицето на кое ги задолжило обрасците | Датум на раздолжување на кочан |
| | од | до | | | | |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| ... | | | | | | |
| ... | | | | | | |
| ... | | | | | | |